**ПРЕДЛОГ МЕРКИ за ТЕНИСКИТЕ КЛУБОВИ ЧЛЕНКИ на ТФСМ**
**ОРГАНИЗАТОРИ НА ТУРНИРИ ОД ОФИЦИЈАЛНИОТ КАЛЕНДАР НА ТФСМ ЗА 2021**
**ВО ВРЕМЕ НА КРИЗА ОД КОВИД-19**

# ПРОТОКОЛ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ТЕНИСКИ НАТПРЕВАРИ ЗИМА-ЛЕТО 2021

---

1. Организацијата на официјалните натпреварувања од Календарот за натпреварување на ТФСМ за 2021 година е дозволена единствено во спортски објекти кои можат да ги задоволат техничките и сигурносни услови со можност за физичко растојание од 5м помеѓу секој натпреварувач.

2. Во спортскиот објект, Организаторите на натпреварувањето да ги обезбедат сите потребни санитарно хигиенски услови, како и услови за дезинфекција.

3. Да се воведе евиденција на натпреварувачите и нивните тренери и другите лица потребни во организацијата, заради лесно следење на контактите.

4. Натпреварувањето да се организираат по строго предвиден дневен распоред за играње, кој ќе го изработи Главниот Судија на натпреварот , еден ден претходно за наредниот ден и истиот ќе биде видно истакнат на огласна табла во Клубот Организатор и по можност на интернет страницата на Тениската Федерација.

5. Пред почеток на натпреварите да се прави термален скрининг на секој натпреварувач кој влегува во клубот и се забранува настап на турнир за секој тенисер со покачена температура и истиот се отстранува. Термален скрининг да се направи и на сите останати лица поврзани со натпреварувањето, тренери, службени лица и останатиот персонал и со истите се постапува на истиот начин.

6. Во случај на потреба на здравствен работник на натпреварувањето при близок контакт со здравственото лице мора да се користат заштитни маски, латекс ракавици и визир од страна на здравствениот работник.

7. Тенисерите натпреварувачи и нивните тренери односно лицата кои ги придружуваат доаѓаат на натпреварувањето поединечно со свое возило и опрема и во опрема за натпреварување со што се избегнува користење на соблекувалните.

8. За време на натпреварувањето се препорачува растојание од 5м помеѓу секој натпреварувач , службено лице и тренер како минимално растојание.

9. Натпреварувањето се организира на отворен простор во месеците Април-Октомври, односно во затворен простор балон сали, монтажни сали и сали од тврда градба во месеците Ноември-Март, без публика. Играчите на натпреварот може да ги придружува најмногу едно лице кое ќе биде номинирано од Тенискиот Клуб каде припаѓа играчот. Ако на публиката и се дозволи присуство на натпреварите, бројот ќе биде лимитиран но со почитување на физичкото растојание .

10. По завршување на секој поединечен натпревар, опремата и реквизитите се дезинфицираат со средство кое е 70% на база на алкохол.

11. За секој натпревар се користи сет на нови топки не помалку од три.

12. Секој натпреварувач користи сопствено шише со напитоци и сопствени крпи за бришење.

13. По завршување на натпреварот секој натпреварувач, негов тренер или придружувач го напуштаат местото на настан поединечно без туширање и без влегување во соблекувалните почитувајќи ги мерките за физичко растојание.

Александар Ивановски
Претседател